# За Македонија Венецијанското биенале станува – квадриенале

СОФИЈА ЃУРОВСКА

**● Музејот на современата уметност и Уметничката галерија како две водечки ликовни институции со години се натпреваруваат која да го организира македонскиот настап на познатата манифестација, па како резултат на кошкањето се добива ситуација „на две години одиме во Венеција, на две паузираме“**

Во 1993 година Македонија немаше проблем кој од уметниците ќе ја претставува на Венецијанското биенале и која институција ќе го поддржува проектот: Музејот на современата уметност, благодарејќи на контактите со двајцата македонски скулптори кои живеат во Лондон – Глигор Стефанов и Петре Николоски, ги однесе нив во Венеција таа година, го направи каталогот, продорот и врските со сите познати и релевантни светски ликовни стручњаци во полза на македонската ликовна велесила, за каква не е нескромно да се сметаме. Таа година проблемот за Македонија не беше од ликовен, туку од политички карактер: тогашниот министер за култура Ѓунер Исмаил мораше своерачно да го поставува нашето знаме на пристаништето пред Џардините, поради недоразбирањата околу признавањето на нашата млада држава. Инаку, стручните оценки за нашето учество таа 1993 година, нашето прво учество како самостојна држава, беа повеќе од задоволувачки.

Во 1995 година се појави првиот отворен конфликт меѓу МСУ и Уметничката галерија, двете водечки ликовни институции, околу одењето во Венеција. На тогашниот министер за култура Ешреф Алиу му беше тешко да одлучи во спорот, па Македонија немаше претставник во Венеција.

Во 1997 година Слободан Унковски постапи соломонски: на Музејот му даде да го организира настапот на Македонија во Сао Паоло – исто така еминентна ликовна светска манифестација, каде земјата ја претставуваше уметникот Јован Шумковски, а на Уметничката галерија ѝ го довери Венецијанското биенале каде отидовме со проектот на Анета Светиева. И двајцата уметници подеднакво добро ги искористија шансите – беа забележани, добија понуди за самостојни изложби во повеќе светски ликовни центри, но поради познатата состојба со буџетот за ликовна уметност, шансите не ги ефектуираа. Екипата на Галеријата, пак, како организатор на венецијанскиот настап, воспостави контакти со професионални менаџери и ликовни критичари, италијански и светски, со што го збогати своето искуство и врски за понатамошно делување.

Во оваа, 1999 година, по прашање на Венеција, Македонија стартуваше со проектот на скулпторот Петар Хаџи Бошков, кој победи на конкурс распишан од Министерството за култура, бидувајќи избран од стручна комисија на Министерството составена од реномирани ликовни критичари, теоретичари, сликари и историчари на уметноста. Проектот на Х. Бошков, беше независен, па Министерството како институција за негова поддршка ја назначи Уметничката галерија. И – види белја.

Проектот доби куратор и комесар кои заедно со авторот два пати во овие последни три месеци одеа во Венеција за избор на простор за прикажување, кој беше најден најповолно. Ако за минатата Венеција Македонија плати 60 илјади ГМ кирија за шест месеци, годинава требаше да плати само 20 илјади. Но, тројцата ликовни емисари (кураторот Сузана Милевска, комесарот Драган Бошнакоски и авторот Хаџи Бошков) не малку биле изненадени кога во јануари во Венеција Карл Зигман, главниот селектор на Биеналето во рацете држел писмо со пријава од друга македонска екипа за претстојното Биенале. Оттогаш работите тргнаа надолу. Министерот Димитар Димитров се двоумеше, Хаџи Бошков почна да ги исполнува сите услови кои дополнително се појавија: не менувајќи ја основната идеја на проектот, ги намалуваше финансиите за неговата реализација до 1 петтина од првичното чинење – до 5 милиони денари, што реално е најдолната граница за скулптура од осум метри во радиус и 4,5 метри висина, а во материјал пластика и алуминиум. Ниту оваа најевтина варијанта не ја доби визата за Венеција од Министерството. Проектот „Крајот на векот“ и дефинитивно не оди во Венеција, зашто министерот деновиве го откажал македонското учество со писмо до дирекцијата на Фестивалот.

Зарем е грев и некоја друга институција со друг уметник да се вклучи во секциите на Биеналето, прашува Зоран Петровски, директор на Музејот на современата уметност? Се разбира, притисокот доаѓа од конкурентската институција. За жал, се покажа дека конкуренцијата е непродуктивна – поради занимавањето со сопствените интереси и меѓусебното кошкање меѓу МСУ и Галеријата, годинава ниту едната од нив нема да има пристап до Венеција. Односно ниту еден уметник, што е уште полошо, нема да има шанса за покажување на достигањата во македонското ликовно творештво.

Но, ако ја земеме за правило ситуацијата „на две години одиме, на две паузираме“, останува надежта за Венеција 2001 година. Шансите за мирен развој на настаните, што, се разбира, се однесува само на Венеција, до тогаш се големи. Еве и зошто: сегашниот директор на Уметничката галерија Викторија Васева Димеска доаѓа од редовите на музејскиот колектив – таа е долго негуван кадар на Музејот на современата уметност, па останува да веруваме дека во иднина претстои поплодоносна соработка меѓу овие две досега спротивставени институции. Така што, на среќа на уметниците и доколку во иднина има договор, и заедничко проучување на пропозициите на Фестивалот, на Венеција 2001 можеби ќе имаме и „државна“ и „паралелна“ екипа, а не срамна дисквалификација за какво што го сметаме годинашново неучество.

Nik, 7.11.99, 10